Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јуни 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Весе Јакимовски од Куманово УП2 09-216/26 од 7 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_16_20260116_57 од 12 мај 2026 година СЕ ОДБИВААТ.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_16_20260116_57 од 12 мај 2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Весе Јакимовски од Куманово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-216/26 од 7 мај 2026 година против Решенија за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_16_20260116_57 од 12 мај 2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), против висината на трошокот од 595.082,00 денари за приклучок на 5,7kW монофазно броило за пумпа за вода.

Ова е второ приговарање за истата парцела, при што за првиот приговор е издадено Решение за уважување УП2 бр. 09-104/26 од 23.04.2026 година со задолжение Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа бидејќи барателот поседува комплетна документација.

Според Електродистрибуција – барателот е оддалечен од последен столб приближно 200 метри.

Бидејќи нема активни и одбиени баратели на тој дел од мрежата, за барателот е направена спецификација за доградба на мрежата до негова парцела и истата е пресметана да се плати 100%.

Дополнително во пресметката е додадено реконструкција на трафостаница (по капацитет) од каде се напојува, бидејќи реконструкцијата за истата е предвидена за друг приклучок за кој веќе има направено уплата и ќе биде реализирано, инвестицијата целосна ќе треба да биде исплатена од наредните приклучоци.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 16 јуни 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-230/26 од 18 мај 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 19 мај 2026 година со прилог:
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Имотен лист
- Потврда од АД Водостопанство на РМ – Скопје дека на предметната КП нема водоводна инсталација
- Спецификации на трошоци и анекс-пресметка
- GIS скица, постоечка и новопредвидена состојба
- Решение за уважување на приговор УП2 09-104/26 од 23.04.2026
- Извештај за пад на напон во мрежата – постоечка и новопредвидена состојба
- Извештај за оптовареност на трафостаница

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека приговараното Решение односно пресметката на надоместокот за приклучување на електродистрибутивната мрежа кон истото е изработена согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, имајќи предвид дека се работи за нестандарден приклучок.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–216/26**
**19 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**